


ISO 9001
Q-1441

## 20.11.2023-Понеделник

# НАСТАНИ



**Концерт на "Танец"**

Утре (21.11 2023 година), со почеток од 19.00 часот, во големата сала на Народен театар- Гевгелија, целовечерен концерт ќе приреди Националниот ансамбл за народни игри и песни „Танец“. Влезот е слободен.

ИЗВОРНИ МИНИЈАТУРИ е проект е замислен како сценско-едукативен караван низ неколку градови на земјата, со кој Ансамблот се враќа кон изворите, односно кон никулците од кои р’ти репертоарот на „Танец“.




**Премиера на арт-филмот "Огледало"**

Домот на културата „Македонија“- Гевгелија премиерно ќе го емитува арт-филмот од сопствената продукција, насловен „Огледало“, во продукција на Дом на култура „Македонија“- Гевгелија, а во соработка со Ансамблот за традиционална музика и игра „Бојмија“ од Гевгелија. „Огледало“ ќе се прикаже на 22.11 2023 година, со почеток од 19.30 часот, во фоајето на Дом на култура. Влезот е слободен.



Ул.Димитар Влахов бр.4
Гевгелија
www.gevgelija.gov.mk
Тел.++389 34 611-353
тел./факс. ++389 34 211-211
e-mail : kabinet@gevgelija.gov.mk

**20.11.2023-Понеделник**

## ИНФОРМАЦИИ




### Прв форум во заедницата за најприоритетни проекти во општина Гевгелија

Општина Гевгелија во соработка со УНДП и Швајцарската агенција за развој и соработка, во рамки на проектот „Зајакнување на општинските совети“, започнува со реализација на Форуми во заедницата. По тој повод, Општина Гевгелија ги поканува граѓаните да земаат учество на форумите, на којшто со нивните идеи и потреби ќе имаат можност да одлучат кои се најприоритетни проекти во општината. Станува збор за проектни форуми, за коишто е финансиски фонд, во кој ќе партиципира и Општина Гевгелија, а преку него ќе се финансираат најмалку еден, а најмногу три проекти избрани директно од граѓаните.

Првата  форумска сесија ќе се одржи на 22.11.2023 година во Угостителската сала на СОУ „Јосиф Јосифовски“- Гевгелија, со почеток во 17:00 часот.

Програмата „Зајакнување на општинските совети“ ја финансираат Швајцарската влада и Министерството за локална самоуправа, а ја кофинансира и спроведува Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) во соработка со национални и локални партнери.




ISO 9001
Q-1441

**20.11.2023-Понеделник**

## ОБЈАВИ



### На продажба 1 парцела за домување во станбени згради

Општина Гевгелија ќе отуѓува 1 градежна парцела во сопственост на РСМ, со намена домување во станбени згради, по пат на електронско јавно наддавање. Парцелата се наоѓа на м.в. „Пазар“, КО Гевгелија и нејзината површина изнесува од 1.138 метри квадратни. Почетната цена за градежната парцела изнесува 2.570 денари од метар квадратен.

Продажбата на парцелата ќе се одвива по пат на електронско јавно наддавање (www.gradezno-zemjiste.mk), на 27.12.2023 година, почнувајќи од 09:00, во траење од 15 минути. Заинтересираните правни и физички лица пријавите за учество на јавното наддавање треба да ги достават по електронски пат на следната интернет-страница: www.gradezno-zemjiste.mk, заклучно до 25.12.2023 година.

Повеќе информации за постапката можат да се најдат на веб-страната на Општина Гевгелија: https://www.gevgelija.gov.mk/images/PDF/eopstina/OBJAVA_04-2023.pdf.

